# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

# ООУ„НЕВЕНА ГЕОРГИЕВА – ДУЊА“, СКОПЈЕ – КИСЕЛА ВОДА

**за период од 2024 до 2028 година**




**Август,2024 година**

# ПРЕАМБУЛА

Врз основа на Законот за основно образование објавен во Службен весник на РСМ бр. 161од 5.8.2019 година, односно:

Член 49

(1) Основното училиште изготвува Развојна програма за работа.
(2) Со Развојната програма се планираат целите и визијата за развој на училиштето во периодот од четири години, со конкретно наведени активности на училиштето согласно со стратешките и концепциските документи и стручни документи и упатства утврдени од надлежните институции.

Врз основа на Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште бр. 08-3714/3 од 29.05.2024 година донесен од министерот за образование и наука, односно:

**Член 1**

Со овој правилник сеутврдуваат формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште.

**Член 2**

Развојната програма за работа на основното училиште претставува документ со кој се планираат мисијата и визијата, приоритетните подрачја за развој на основното училиште, како и начинот на следење и евалуација на развојната програма за работа на основното училиште за период од четири години, со цел да се унапреди воспитно-образовната работа во училиштето.

| Развојна програма на училиштето | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ„Невена Георгиева - Дуња“ |
| Адреса | Ул.„Михаил Чаков“бр.2 |
| Телефон,е-пошта | 02 2776 230<br>ngeorgievadunja@gmail.com<br>ou-nevenageorgievadunja-kiselavoda@schools.mk |
| Период на подготовка на Развојната програма на училиштето | |
| Број на ученици во училиштето | 676 |
| Број на подрачни училишта | / |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Наталија Делева |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Катерина Величкова |
| Потпис | |
| Датум | |

# СОДРЖИНА


1. Податоци за основното училиште……………………………… ……… . 6

1.1. Идентификациски податоци за училиштето........................................… 6

1.2. Историјат на основното училиште.....................................................… 7

2. Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето.........................................................…. 10

3. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ-анализа)...........................................................................….....11

4. Мисија и визија на основното училиште...................................…….15

.

5. Избрани приоритети и образложение за секој од нив............….......17

6. Дефинирани стратешки и развојни цели....................................…......18

7. Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето.......................................................................…...20

8. Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето……...31

# ВОВЕД

Програмата за развој на училиштето е континуиран стратешки процес заснован на константно истражување за препознавање на автентичните потреби на училиштето и пронаоѓање начини како тие потреби да се задоволат. Тоа претставува основа за остварување на посакувани и неопходни промени во сите сегменти на училишниот живот.

Со оваа програма се обврзуваат сите учесници на заедничка акција за развивање на основните приоритетни области и остварување на стратешките цели, а на тој начин ќе се насочува целокупниот развој на училиштето.

Програмата содржи активности што ќе ги преземе училиштето со цел да се отстранат слабостите и реализирање на активности штоќе доведат до унапредување на квалитетот на работата.

Програмата се темели на анализа на постојната состојба,вреднување на постигнатите резултати и препознаените приоритетни потреби на нашето училиште. Анализата на сегашната состојба направивме врз основа на следењето и анализата на претходната Програма за развој на училиштето за период од 2022 – 2024 година, резултатите од последната Самоевалуација на училиштето спроведена од страна на училишна комисија во 2024 година, советодавната и стручна помош од Бирото за развој на образованието, Годишните извештаи за работа на училиштето во претходните 4 учебни години,но и од препораките од конечниот извештај од интегралната евалуација спроведена од страна на Државниот просветен инспекторат. Развојната програма за работа на основното училиште ООУ„Невена Георгиева–Дуња“, Скопје се темели и врз основа на Закон за основно образование Број 08-4389/1 од 30.7.2019 год. ,Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта Број 08-4390/1 од 30.7.2019 год, Закон за работни односи Број 08-3919/1 од 6.11.2020 год., Законот за јавни набавки Број 08-640/1 од 28.1.2019 год., Законот за организација и работа на органите на државната управа и други закони, под законски и интерни акти,во согласност со Стратегија за образование 2018/2025 год., Концепција за основно образование од 2021 год, Правилник за организација на дополнителната и додатната настава во училиштето, Концепција за инклузивно образование, Концепција за воннаставни активности од која произлегуваат и новите наставни планови и програми, Наспроти брзиот раст и развој во науката и техниката, брзината на постојан доток на нови информации, сознанија и иновации како во образование така и воопшто, наставниот кадар од ООУ„Невена Георгиева – Дуња“, смета дека со оваа Развојана програма сериозно ќе им пријде, молскавично ќе ги осознава и уште поекспедитивно и професионално ќе ги имплементира современите добри практики во методологијата на работа, пристапи и стратегии кои се блиски до ученикот на современото дигитално живеење. Интернационализацијата ќе ја исползуваме во доменот на бришење на границите меѓу образовните политики и лесно и брзо ќе ги осознаеме и имлементираме докажаните успешни практики во наставата како од европските држави така и пошироко.

# 1. Податоци за основното училиште

## 1.1. Идентификациски податоци за основното училиште

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ„Невена Георгиева—Дуња“ |
| Адреса | Ул.„Михаил Чаков“бр.2 |
| Телефон | 02/2776-230 |
| Место, општина | Скопје, КиселаВода |
| Веб-страница | www.nevenageorgievadunja.edu.mk |
| Е-пошта | ngeorgievadunja@gmail.com<br>ou-nevenageorgievadunja - kiselavoda @ schools.mk |
| Ден на училиштето | Шести декември—патронен празник |
| Внатрешна површина на училиштето | 3000 (m2) |
| Училиштен двор (m2) | 10670 (m2) |
| Подрачни училишта во состав наосновното училиште, место | / |
| Капацитет на училиштето (максимален број на ученици) | 600-800 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 676 |
| Број на паралелки | 28 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | 2 (две) смени |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |

| | |
|---|---|
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други идентификациони податоци карактеристични за основното училиште | Акредитација за училишно образование од Национална агенција за европски програми и мобилност. |

## 1.2. Историјат на основното училиште

ООУ „Невена Георгиева – Дуња“ е основано од општина Кисела Вода со решение бр. 280 од 26 февруари 1964 година. Изградбата на училиштето траела од февруари до август истата година, а првата учебна година започнала на 1 септември 1964 година со 420 ученика, 22 наставника и 10 административни и технички вработени. По катастрофалниот земјотрес во Скопје во 1963 година, училиштето било дел од напорите за обновување на градот и било изградено како монтажна зграда, донација од француската влада. И покрај предизвиците со почетната организација, училиштето брзо се развивало и го зголемувало бројот на ученици и вработени. Во 1972 година, бројот на учениците достигнал до 1250, што создало потреба за проширување на училишниот простор. Поради ова, дел од учениците биле преместени во новоизграденото училиште „Кирил Пејчиновиќ“. Од учебната 1988/89 до 2007 година, училиштето управувало и со подрачното училиште во с. Усје, каде наставата се одвивала во комбинирани паралелки. Во учебната 2016/2017 година, со донација од владата на Република Македонија, наставата во училиштето започна во новоизградената зграда, која обезбеди современи материјално-технички услови за унапредување на воспитно-образовниот процес. Во текот на своето шеесетгодишно постоење, училиштето „НевенаГеоргиева– Дуња“ континуирано се стреми кон иновативност и усовршување на наставните процеси. Промените во образовниот систем и новите научни сознанија придонесоа училиштето да го усоврши квалитетот на наставата, да го зајакне професионализмот на наставниот кадар и да го развие активното учество на учениците во нивниот образовен развој. Покрај тоа, училиштето учествувало во многубројни проекти организирани од Министерството за образование и наука (МОН), Бирото за развој на образованието (БРО), невладини организации и други институции. Дел од проектите биле неколкугодишни, додека други, со одржлив развој, и понатаму успешно се имплементираат во училиштето, како што се:

• „Активна настава-интерактивно учење“(МОН)–2002;
• „Основи на демократија“(МОН/БРО,CRS)–2003;
• Ние народот-проект граѓанин Junior Achivment-економско образование за младименаџери-2004;
• „Алатка зелен пакет јуниор“2004;
• „Модернизација во образованието“(МОН;УСАИД)–2005;
• „Информатичко–комуникациска технологија во наставата“(МОН,УСАИД)–2005;
• „Проект за основно образование (ПЕП)–петгодишен проект“ (МОН, УСАИД)–2007;
• „Зелени училишта“(УСАИД/ПЕП) – 2008;
• „Образование за животни вештини“(МОН,БРО)–2009;
• „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ (МОН, Швајцарската агенција за развој и соработка, Здружение на

граѓани ОХО) – 2011;
• „Меѓуетничка интеграција во образованието“(УСАИД, МЦГО МОН,БРО)–2014;
• „Со читање до лидерство“(УСАИД,Чекор по чекор,МОН)– 2014;
• „Заедничка грижа и правилно насочување на учениците“(МОН)–2014;
• „Намалување на насилството во училиштето-репаративни приоди во училиштето“2015;
• „Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта“ (МОН, БРО, ДКСК) – 2017;
• Пилот програма„Учење преку правење“(МОН,СветскаБанка)–2019;
• „Училишта на 21век“(МОН и British council)–2019-2021г.
• Нансен дијалог центар 2021год.
• Фонд за иновации „Колективно здравје преку иновативни млади умови“ 2020/2021 год. Ерасмус + проект КА229 „Ментално здравје“ 2019/2022 год.
• Ерасмус+преект КА229 „Заедно против насилство“ 2020/2022год.
• Градиме мостови проект ОБСЕ „Виртуелен перформанс 1“
• Градиме мостови проект ОБСЕ „Виртуелен перформанс 2“
• Медиумски триаголник проект Американска амбасада 2023/2024 год.
• Медиумски клуб проект ИРЕКС и МИМ 2023/2024 год.
• Акредитација за училишно образование 2021/2027год,Еразмус +.

ООУ „Невена Георгиева-Дуња“ е пријателско училиште, лоцирано во срцето на општина Кисела Вода на ул. „Михаил Чаков“ бр. 2. Училиштето располага со современи услови за реализација на воспитно-образовниот процес, вклучувајќи простран училишен двор со зелени површини, училници, библиотека, сензорна соба,пристапни рампи и лифт за ученици со посебни образовни потреби, како и сала за физичко и здравствено образование.
Долгогодишната успешна соработка со локалната самоуправа, општинските основни училишта, медиумите и различни организации и институции е една од основите на училиштето. Како дел од програмата за меѓуетничка интеграција, училиштето е добитник на три грантови за заеднички активности со партнер училиштето ООУ „Емин Дураку“ од с. Буковиќ.
Во 2019 година, училиштето учествуваше во меѓународната студија ТИМСС, спроведувајќи тестирање по математика и природни науки со ученици од V а одделение, а во 2021 година беше дел од меѓународната студија ПИРЛС, фокусирана на јазичната писменост на истото одделение.
Во периодот 2021-2027 година, училиштето е акредитирано во рамките на Еразмус+ програмата, со фокус на професионален развој на наставници и ученици.Акредитацијата опфаќа цели како интернационализација, дигитализација, работа со деца со посебни образовни потреби и надарени ученици, како и размена на добри практики. Програмата вклучува и грижа за животната средина, менталното здравје и борба против булинг во соработка со девет европски држави.
Наставниците од училиштето активно учествуваат во активности на Нансен дијалог центарот за имплементација на интеркултурно образование. Покрај тоа, училиштето соработува со Фондот за иновации преку одобрено иновативно решение кое ќе продолжи да се развива и во иднина.
Реформите во наставните планови и програми соодветно се имплементираат во воспитно-образовниот процес. Редовно се изготвуваат тримесечни и полугодишни извештаи за успехот и поведението на учениците, кои се дел од континуираното следење на нивните постигања и успех. Поддршката која

учениците ја добиваат преку повратни информации и индивидуализирана грижа за развојот е клучна за нивниот напредок.
Голем број ученици од училиштето учествуваат на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари, освојувајќи бројни награди и признанија во различни области, вклучувајќи македонски јазик, англиски јазик, математика, природни науки,хемија, биологија, ликовно и музичко образование, како и физичко и здравствено образование.
Современите образовни тенденции бараат постојан личен и професионален развој на наставниците. Наставниците и стручните соработници активно учествуваат во екстерни и интерни обуки, семинари, вебинари и конференции, преку кои ги продлабочуваат своите знаења и ги споделуваат добрите практики.Овие активности придонесуваат за осовременување на воспитно-образовниот процес и создавање на стимулативна училишна средина.

## 2. Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето

| Стратешка цел 1 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| Интегриран и иновативен пристап кон осовременување на методологијата на работа | Примена на современи форми, методи, стратегии, техники и средства за работа | Целосно реализирана | | | |
| | Современи приоди преку интернационализација | Целосно реализирана | | | |
| | Климатски промени и животна средина како интегриран дел од иновативните пристапи на работа | Целосно реализирана | | | |
| **Стратешка цел 2** | **Развојни цели** | **Целосно реализирана** | **Делумно реализирана** | **Нереализирана** | **Образложение** |
| Дигитализација на воспитно-образовниот процес | Модернизација и применана постоечките дигитални ресурси | Целосно реализирана | | | |
| | Климатски промени и животна средина како интегриран дел од иновативните пристапи на работа | Целосно реализирана | | | |
| **Стратешка** | **Развојни** | **Целосно** | **Делумно** | **Нереализирана** | **Образложение** |

| цел 3 | цели | реализирана | реализирана | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Следење и имплементирање современи приод и за работа со ученици со посебни образовни потреби, социјално ранлива категорија, како и надарени ученици | Примена на современи форми, методи, стратегии, техники и средства на работа со ученици со посебни образовни потреби , социјално ранлива категорија и надарени ученици | Целосно реализирана | | | |
| | Климатски промени и животна средина како интегриран дел од иновативните пристапи на работа | Целосно реализирана | | | |

## 3.Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ-анализа)

| Предности (силни страни) на основното училиште | Слабости (слаби страни) на основното училиште |
|---|---|
| Стратешка локација во урбаниот дел на општина Кисела Вода,што овозможува лесен пристап и комуникација со локалната заедница.<br>Модерна училишна зграда, опремена со современа и дигитална технологија која поддржува стимулирачка средина за учење. Училиштето покажува отвореност кон соработка,иновации и развој на национално и меѓународно ниво.<br>Висок степен на инклузивност, овозможувајќи пристап за ученици со посебни образовни потреби преку пристапни рампи, лифт и соодветни тоалети.<br>Интензивна поддршка на меѓуетничка интеграција преку долгорочна соработка со партнер училишта на различни нивоа и полиња.<br>Училиштето активно учествува во процес и на интернационализација, размена на добри практики и иновации со меѓународни образовни институции.<br>Постојано следење на процесот на дигитализација на наставата преку подобрување на ресурсите и дигиталните алатки.<br>Континуиран професионален развој на наставниот кадар, преку структурирани програми за хоризонтално учење во рамките на училиштето.<br>Висок степен на применување на докимолошки принципи за правично оценување и насочување на учениковиот напредок и развој.<br>Активна вклученост во голем број национални и меѓународни проекти, што го збогатува воспитно-образовниот процес.<br>Училиштето има организирана кујна која обезбедува топол оброк за учениците. | Потреба од континуирана набавка на современи наставни и нагледни средства, како и информациски технологии (ИТ). Потреба од континуиран професионален развој на наставниците за следење на новите образовни политики, приоди и иновативни методи на работа.<br>Потреба од професионален развој на наставниците во доменот на работа со ученици со потешкотии, за да се имплементираат најновите иновативни пристапи и стратегии.<br>Потреба од професионален развој на наставниците за работа со надарени ученици, преку примена на современи техники и методи.<br>Недоволно развиени услови за поголемо учество на учениците во младински иницијативи преку училишните тела како Ученичкиот парламент, Ученичкиот правобранител и Училишниот одбор.<br>Потреба од креирање на училишна средина која ќе интегрира програми за развој на компетенции поврзани со климатските промени и заштита на животната средина. Потреба од континуиран процес на активности кои промовираат инклузија, дигитализација и интернационализација на локално, национално и меѓународно ниво. |

| Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште | Закани, пречки, (опасности) што произлегуваат од опкружувањето за основното училиште |
|---|---|
| Постоење на можност за проширување на постојните училишни капацитети, како и изградба на нови објекти со цел подобрување на инфраструктурата.<br>Изнајмување на училишен простор на приватниот сектор (книжара, продавница, сендвичара), што може да донесе дополнителни приходи за училиштето.<br>Во соработка со Општината, училиштето може да аплицира за проекти кои финансираат инфраструктурни активности, со што ќе се подобрат условите за работа.<br>Можност за доделување на повеќе финансиски средства од општинскиот буџет,со цел набавка на нагледни средства, покривање на котизации за натпревари и поддршка за професионален развој на наставниот кадар.<br>Дополнителни обуки за наставниот кадар за подобрување на нивните вештини за аплицирање на проекти, вклучително и ангажирање на специјалисти за изработка на проектни апликации. Професионално напредување и усовршување на наставниците на сите нивоа преку учество во национални и меѓународни програми за развој.<br>Зголемена соработка со невладини организации,кои можат да обезбедат финансиска и логистичка поддршка за проекти.<br>Активна поддршка и вклученост на родителите во различни активности, како што се хуманитарни, еколошки и забавни акции,со цел зајакнување на | Административни бариери кои го отежнуваат обезбедувањето на спонзорства и формирањето на јавно-приватни партнерства, што го ограничува пристапот до дополнителни финансиски извори.<br>Недостаток на доволно финансиски средства за набавка на современа информатичка опрема, што го отежнува процесот на дигитализација на наставата.<br>Неможност на училиштето да обезбеди финансиски средства за обуки на наставниците и стручните соработници,како и за учество на конференции, студиски посети и други форми на стручно усовршување.<br>Финансиски ограничувања на наставниците, кои често не се во можност сами да ги покријат трошоците за обуки и усовршување. Зголемување на бројот на ученици со тешкотии во учењето,што бара дополнителни ресурси и поддршка од стручниот кадар.<br>Недоволна заинтересираност на бизнис заедницата за поддршка на училиштето,што ја намалува можноста за подобрување на условите за работа и учење. |

| | |
|---|---|
| заедницата.<br>Зајакнување на соработката со локалната заедница и бизнис секторот, што ќе помогне во реализацијата на целите и задачите на училиштето.<br>Активно вклучување на локалната заедница во поддршка на реализацијата на воннаставни активности, што ќе придонесе за развојот на учениците.<br>Изнаоѓање на можности за обезбедување на донаторски средства, со цел финансирање на активности и подобрување на условите за работа. | |

# 4.Мисија и визија на основното училиште

**МИСИЈА**

❖ Училиште, кое обезбедува квалитетна настава, прилагодена на можностите, потребите и интересите на сите ученици;
❖ Стимулативна средина , во која учениците г и развиваат : критичкото размислување,креативноста, имагинацијата и дигиталните вештини, со цел поттикнување на ефективна комуникација како алатка за јакнење напозитивни социоемоционални односи;
❖ Училишна средина, во која учениците ја осознаваат важноста на емпатијата, потребите на другите, истрајноста, самодовербата, одговорноста, кариерните и животните вештини за доживотно учење;
❖ Стекнати знаења,кои придонесуваат за развивање на почит на личноста и природната средина, а стануваат цврсти темели за надградба во повисоките степени на образование.
❖ Атмосфера на соработка, проактивност, комуникација и партнерски односи со родителите и локалната заедница.

Нашата мисија е да обезбедиме квалитетно, инклузивно и стимулативно образование за сите ученици, со фокус на нивниот личен, академски и социјален развој. Преку модерни образовни методи, дигитализација и иновативен пристап, ги поттикнуваме учениците да ги развијат своите потенцијали и способности во безбедна и поддржувачка средина. Ние се
стремиме кон развој на критичко размислување, културна свест, меѓуетничка интеграција и социјална одговорност, овозможувајќи им на нашите ученици да бидат активни и одговорни граѓани во глобалното општество.

**ВИЗИЈА**

❖ Ќе градиме современо, иновативно и отворено училиште за промени и развој ;
❖ Ќе ги зајакнуваме професионалните компетенции на наставниот кадар и стручните соработници,преку континуирано стручно усовршување ;
❖ Ќе се стремиме кон унапредување на квалитетот навоспитниот-образовниот процес, со интегрирање на иновативни пристапи;
❖ Ќе настојуваме да ја јакнеме училишната инклузивност, притоа учениците ќе стекнуваат трајни и функционални знаења, вештини и вредности со надминати предрасуди;
❖ Ќе се стремиме да им обезбедиме еднакви можности на сите ученици, обезбедувајќи поддршка на потенцијално надарените и талентираните ученици, како и на децата од социјално ранливите групи, да ги искористат своите капацитети за да стекнат знаења, способности и вештини кои им се неопходни за секојдневно функционирање и продолжување во образованието и истовремено да се развие свеста за правата, обврските и меѓусебното почитување;
❖ Ќе настојуваме сите ученици да се развиваат како личности кои ќе користат современа образовна технологија во корист на постигнување на целите на учењето, како потреба да градат систем на позитивни вредности, а со тоа ќе ги подготвиме да придонесат во градењето демократско граѓанско општество.

❖ Ќе промовираме доверба, разбирање и мотивација за вклучување на родителите во активностите на училиштето за ефективна соработка.

Ние се стремиме да бидеме водечко училиште кое нуди високо квалитетно и современо образование, кое ги подготвува учениците за предизвиците на 21-от век. Нашата визија е да создадеме инклузивна и дигитална училишна заедница која промовира интернационализација, меѓуетничка интеграција и одржлив развој. Преку континуирана соработка со родителите, локалната
заедница и меѓународните партнери, ќе обезбедиме училиште кое го негува целосниот развој на секој ученик, поттикнувајќи ги да станат лидери на иднината, посветени на животната средина и човечките вредности

## 5.Избрани приоритети и образложение за секој од нив

| Приоритет | Образложение |
|---|---|
| Инвестиција во дигитални и друг вид ресурси и алатки за наставата | Тимовите за самоевалуација од различни подрачја го потенцираат недостатокот на дигитални и материјални ресурси како клучен проблем што влијае врз квалитетот на наставата. Од аспект на потребата за модернизирање на наставниот процес, сите тимови препорачуваат инвестиција во нови технологии и алатки кои ќе овозможат поефикасно и иновативно учење.Овој приоритет ги обединува сите аспекти на потребите за ресурси и технологија, и затоа е клучен за подобрување на наставниот процес. |
| Поттикнување на поголема колаборација меѓу наставниците | Овој приоритет е значаен затоа што меѓусебната соработка и споделувањето на добри практики меѓу наставниците директно влијае на унапредувањето на квалитетот на наставата и професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Колаборацијата им овозможува на наставниците да разменуваат искуства, да се поддржуваат меѓусебно и да имплементираат иновативни и докажани наставни методи во својата работа. |
| Зајакнувањето на тимот на стручни соработници : Обезбедување на дополнителен кадар, вклучително психолог и социјален работник, со цел да се зголеми поддршката за учениците и да се подобри севкупниот квалитет на воспитно-образовниот процес. | Потребата за комплетирање на тимот на стручни соработници е директно поврзана со недостатокот на човечки ресурси во училиштето, што го ограничува квалитетот на поддршката за учениците. Иако фокусот овде е на човечки ресурси, тоа е исто толку важно како и техничките и материјалните ресурси, бидејќи обезбедувањето на стручна помош ќе придонесе за целокупното подобрување на воспитно- образовниот процес. |
| Ревизија на кодексите н а однесување<br>Со редовно ревидирање и ажурирање на постојните кодекси на однесување со вклучување на сите засегнати страни (наставен кадар, ученици, родители, технички персонал) ќе се осигура неговата и ефикасност. | Во насока на реализацијата на целите и карактеристиките на универзалната етика на ова основно училиште како што се: достојно извршување на функциите на сите вработени во училиштето, доследно почитување на обврските и правата на учениците напредување на наставната дејност, ширење на културата која е изграденаи втемелена во работата на училиштето,воспоставувањто на стандарди кои ги налага модерното време и современиот начин на живот, како неминовност е потребата од редовното ревидирање и ажурирање на постојните кодекси на однесување |

# 6. Дефинирани стратешки и развојни цели

| Приоритет/и | Стратешки цели |
| --- | --- |
| Инвестиција во дигитални и друг вид ресурси и алатки за наставата | Подобрување на наставниот процес преку унапредување на ресурси и образовна инфраструктура |
| Поттикнување на поголема колаборација меѓу наставниците. | Унапредување на професионалните компетенции и соработка на наставниот кадар |
| Зајакнување на тимот на стручни соработници : Обезбедување на дополнителен кадар, вклучително психолог и социјален работник, со цел да се зголеми поддршката за учениците и да се подобри севкупниот квалитет на воспитно-образовниот процес. | Поддршка на учениците за напредок на нивниот социемоционален развој, нивниот потенцијал и благосостојба. |
| Ревизија на кодексите на однесување | Подобрување на училишната клима и односите во училиштето. |

| Стратешка цел | Развојни цели |
| --- | --- |
| **Стратешка цел 1** | **Развојни цели** |
| Подобрување на наставниот процес преку унапредување на ресурси и образовна инфраструктура . | Инвестиција во дигитални технологи и материјални ресурси за поддршка на иновативен и интерактивен наставен процес. |
| | Опремување на учлниците со современи нагледни средства за подобра визуелизација и интерактивна примена на наставните содржини, за стекнување на функционални знаења |
| | Проширување и модернизација на училишната библиотека со нови книги и дигитални ресурси за поддршка на ученичкото истражување и самообразование. |
| **Стратешка цел 2** | **Развојни цели** |
| Унапредување на професионалните компетенции и соработка на наставниот кадар | Поттикнување на колаборација и меѓусебна размена меѓу наставниците за добри практики. |
| | Унапредување на компетенциите на наставниците за диференцирано учење, инклузивно образование и стратегии за |

| | |
|---|---|
| | работа со надарени ученици и ученици со посебни образовни потреби. |
| **Стратешка цел 3** | **Развојни цели** |
| Поддршка на учениците за напредок на нивниот социо-емоционален развој, нивниот потенцијал и благосостојба | Подобрување на стручната подршка во областа на ментално здравје и добросостојба. |
| | Развивање и имплементирање на програми за ментално здравје и емоционална поддршка, кои ќе вклучуваат советување, работилници и активности за намалување на стресот и поттикнување на позитивен емоционален развој. |
| **Стратешка цел 4** | **Развојни цели** |
| Подобрување на училишната клима и односите во училиштето | Ревидирање и ажурирање на кодексите на однесување во училиштето со вклучување на сите субјекти во воспитно-образовниот процес ( родители, наставници, ученици) |
| | Креирање на политика на заемно почитување, соработка и вклученост на сите што учествуваат во училишниот живот |

# 7. Акциски планови за реализација на развојната програма на училиштето

| **Стратешка цел 1.**<br>Подобрување на наставниот процес преку унапредување на ресурси и образовна инфраструктура | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 1.1**<br>Инвестиција во дигитални технологии и материјални ресурси, за поддршка на иновативен и интерактивен наставен процес. | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/ извори на Информации за следење на интикаторите** |
| Набавка на дигитална технологија и друг вид ресурси за учениците, како и асистивна технологија за подршка на учениците со посебни образовни потреби (интерактивен панел, смарт табли, асистивна технологија, софтвери, VR очила и сл.) | Од сегашни 7 училници, бројот на училници опремени со смарт табли ќе се зголеми на најмалку 15 училници (минимум 75% од вкупниот број училници). Од моменталната 1 училница со компјутери, најмалку 3 училници ќе бидат опремени со компјутери и/или лаптопи, овозможувајќ | Директор<br>Стручна служба<br>Училишна администрација<br>Родителите | 2024-2026 год. | Буџет за ресурси, понуди од Добавувачи<br>Тендер за јавна набавка | Директор, стручна служба, ИТ наставник, наставници | Извештаи за набавка, потврда за опремување на кабинети |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | и поразновидна употреба на дигитални ресурси во наставата. Зголемување на бројот на интерактивни часови и активности од 50% на 90% од вкупниот број на наставни часови, според анкети со ученици и наставници. 80% од наставниците ќе дадат повратна информација дека новата технологија (смарт табли, дигитални уреди и асистивна технологија) значително го подобрила квалитетот на | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | наставата, според анкети за фидбек и евалуација. | | | | | |
| Креирање дигитални проекти преку соработка на учениците - Ученички парламент | Број на ученички тимови (групи од најмалку 3 ученици) кои успешно завршиле и презентирале дигитални проекти (презентации ,видеа, веб-страници), со цел да се опфатат најмалку 50% од учениците во училиштето. Од вкупниот број од 670 ученици, најмалку 60% од учениците ќе бидат активно вклучениво изработка на дигитални проекти преку соработка. Спроведување анкета со учениците за нивното | Ученички парламент Стручни активи Наставници | 2025-2026 год. 2026-2027 год. 2027-2028 год. (Секоја учебна година ќе биде пропратена со нови дигитални проекти) | Компјутери или лаптопи Таблети Интернет конекција Софтвер за креирање презентации и видеа (PowerPoint, Google Slides, Canva, iMovie и сл.) Софтвер за обработка на фотографии и графика (Photoshop, GIMP или сл.) Платформи за соработка (Google Drive, Microsoft Teams, Slack) Проектор или интерактивна табла Камера или | Директор Наставници, ученици, Стручна служба | Анкети со ученици и Наставници Прашалници за задоволство, интерактивност и учење за учениците и наставниците. Оценки и извештаи за напредок на учениците пред и по завршување на проектот. Извештаи за користење на дигитални алатки Податоци од платформи за соработка (Google Drive, Microsoft Teams) за активноста на учениците. Набљудување на процесот на работа Директни опсервации од наставници за тимската работа, вклученоста и интерактивноста на учениците. Дигитални портфолија на учениците |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | задоволство од процесот на работа на дигиталните проекти, каде што 80% од учениците ќе пријават позитивно искуство во однос на соработката и користењето на дигиталните технологии. | | | мобилни телефони за снимање видеа Микрофони за подобра аудио снимка Простор за работа (училница или соба со потребните технолошки уреди) Ментори или наставници за поддршка и насоки Пристап до дигитални ресурси (онлајн библиотеки, бази на податоци) | | Собирање на дигитални продукти (презентации, видеа, постери) како доказ за нивната работа. Евиденција за присуство и учество на учениците во работилниците и сесиите за проектната работа. Податоци од е-пошта, пораки и други канали на комуникација меѓу учениците за да се следи нивната соработка. Видео и фото документација на процесот Видео и фотографски записи од процесот на креирање и презентација на дигиталните проекти. |
| **Развојна цел 1.2**<br>Опремување на училниците со современи нагледни средства за подобра визуелизација и интерактивна примена на наставни содржини, за стекнување на функционални знаења | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/ извори на Информации за следење на интикаторите** |
| Обезбедување на современи | Вкупниот број на | Училишна администр | 2024-2026 год. | Буџет за ресурси, | Директор, одделенски | Извештаи за набавка, |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| дидактички ресурси и визуелни помагала за настава (набавка на современи нагледни средства како 3D модели за природни науки (анатомски модели, модели на планети), интерактивни ѕидни постери за математички операции, и образовни картички за јазик и литература.) | набавени и поставени дидактички материјали и визуелни помагала во училниците (3D модели, постери, картички), со цел најмалку 80% од училниците да бидат опремени со новите ресурси. 90% од наставниците редовно да ги користат новите визуелни и дидактички ресурси за време на наставата, според спроведени опсервации на стручна служба и директор 80% позитивен фидбек од наставниците и учениците според анкети за | ација Наставен кадар Родителите<br><br>Стручна служба директор | | понуди од добавувачи<br><br>Стручна служба директор | наставници<br><br>Стручна служба директор | потврда за опремување на кабинети Анкети со наставниците и учениците Опсервации на часовите Евалуации на ученичките резултати Извештаи од наставниците |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | користење на новите дидактички средства и визуелни помагала. | | | | | |
| **Развојна цел 1.3**<br>Проширување и модернизација на училишната библиотека со нови книги и дигитални ресурси за поддршка на ученичкото истражување и самообразование. | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/ извори на Информации за следење на интикаторите** |
| Обезбедување на современа литература, дигитални ресурси за медиумска писменост | Број на нови наслови и дигитални ресурси (е-книги, научни бази на податоци) додадени во библиотеката, со цел најмалку 50 нови ресурси годишно. 70% од учениците да ги користат физичките книги барем еднаш месечно, според евиденција за користење и извештаи. 80% позитивен | Училишна администрација Директор, Библиотекар Наставници | 2025-2026 год. | Физички книги и учебници Е-книги и дигитални бази на податоци Интернет конекција и инфраструктура ИТ опрема (компјутери, таблети) Софтвер за управување на библиотека Наставници и библиотекари | Директор, библиотекар, Стручна служба и претседатели на активи | Извештаи за набавка, потврда за опремување на библотека Анкета со ученици |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | фидбек од учениците и наставниците за квалитетот и корисноста на новите книги и дигитални ресурси, измерено преку анкети. | | | Техничка поддршка | | |
| **Стратешка цел 2.**<br>**Унапредување на професионалните компетенции и соработка на наставниот кадар** | | | | | | |
| **Развојна цел 2.1**<br>**Поттикнување на колаборација и меѓусебна размена меѓу наставниците за добри практики** | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/ извори на Информации за следење на интикаторите** |
| Организирање на редовни средби на наставниците | Број и вид на одржани средби:по часовите, генерациски, на стручни активи, Тим билдинг билдинг (средба еднаш седмично во петок за изработка на неделно планирање во времетрае ње од еден час) | Наставници, координатори, претседатели на стручни активи | Континуирано 2024-2028 год. | Просторија за состаноци , време | Тим за координација на наставници | Евиденција за средби, записници од состаноци |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Взаемна посета на отворени часови меѓу наставниците | Број на посетени часови (цел 20 посети годишно, 5 во прво полугодие, 5 во второ полугодие на еден наставник | Наставници,координатори, претседател и на стручни активи | Континуирано 2024-2028 год. | Време за организација на посети | Тим за професионален развој | Извештаи од посетените часови, анкети од наставниците |
| Размена надобри практики преку работилници | Број на работилници со размена на добри Практики (цел :5 работилници годишно) | Наставници,координатори, Претседатели на стручни активи | Континуирано 2024-2028 год. | Простор за работилници, материјали | Тим за координација на наставници | Записници од работилниците, повратни информации од учесниците |
| **Развојна цел 2.2**<br>**Унапредување на компетенциите на наставниците за диференцирано учење, инклузивно образование и стратегии за работа со надарени ученици и ученици со посебни образовни потреби.** | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/ извори на Информации за следење на интикаторите** |
| Организирање на обуки за диференцирано учење и инклузивно образование | Број на спроведени обуки(цел:4 обуки годишно) | Национални, интернационални обучувачи, наставници | 2025-2028 год. | Обуки, материјални средства | Тим за професионален развој | Сертификати за завршени обуки, анкети од учесниците |
| Семинари за работа со надарени ученици и ученици со посебни потреби | Број на спроведени семинари (цел:3 семинари годишно) | Надворечни обучувачи, наставници | 2025-2028 год. | Материјали за обука, време | Тим за професионален развој | Евиденција од присуство на семинари, повратни информации од учесниците |
| **Стратешка цел 3**<br>**Поддршка на учениците за напредок на нивниот социо-емоционален развој, нивниот потенцијал и благосостојба** | | | | | | |

| **Развојна цел 3.1**<br>**Подобрување на стручната подрѓ** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементациј а** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/ извори на Информации за следење на интикаторите** |
| Вработу вањена дополнителен психолог или социјален работник | Број на вработени стручни соработниц и (цел: 1-2 нови вработени) | Училишна администра ција, директор | 2024 год. – психолог 2025-2028 год. – социјален работник | Буџет за нови вработув ања, време за интервјуа | Директор, тим за човечки ресурси | Евиденција за новововработени ,изв ештаи за вработување |
| Поддршка од нововработени од кадар за учениците | Број на ученици кои добиле поддршка од психолог или социјален работник<br>(цел:80 % од учениците) | Психолог, социјален работник | Континуирано<br>2024-2028 год. | Кабинет за совеување, време за сесии | Тим за ментално здравје | Извештаи за поддржани ученици, анкети од учениците и родителите |
| Организирање на средби (сесии) за ментално здравје | Број на пдржани средби (сесии) (цел:5 сесии годишно) | Психолог, социјален работник | Континуирано<br>2024-2028 год. | Простор за сесии, материјали за сесии | Тим за ментално здравје | Евиденција за одржани сесии, повратни информации од учесниците |
| **Развојна цел 3.2**<br>**Развивање и имплементирање на програми за ментално здравје и емоционална поддршка, кои ќе вклучуваат советување, работилници и активности за намалување на стресот и поттикнување на позитивен емоционален развој.** | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементациј а** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/ извори на Информации за следење на интикаторите** |
| Развивање на програми за ментално здравје и емоционална поддршка | Број на развиен и програм и (цел: 3 програм и годишно ) | Психолог, социјален работник | 2025-2026 год. | Материј али за програм и, време за изработка | Тим за ментално здравје и емоционална поддршка | Документиран и програми, повратни информации одучесниците |
| Спроведување на работилн ица за справување со стрес | Број на одржани работилни ци ( 3 работилници ци годишно) | Психолог Педагог Дефектоог | 2026-2028 год. | Простор за работи лници, материјали за активно сти | Тим за ментално здравје | Евиденција за одржани работилници Анкети од учесници |
| Организирање на активности за постигнув ање на емоционален развој | Број на активност и, учесници во програмите (цел: 100 + учесници | Психолог Педагог Дефектолог | 2026-2028 год. | Простор за работи лници, материјали за активно сти | Тим за ментално здравје | Повратни информации од учесниците, родителите |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | годишно) | | | | | |

**Стратешка цел 4**

**Подобрување на училишната клима и односите во училиштето.**

**Развојна цел 4.1**

**Ревидирање и ажурирање на кодексите на однесување во училиштето со вклучување на сите субјекти во воспитно-образовниот процес ( родители, наставници, ученици)**

| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементациј а | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/ извори на Информации за следење на интикаторите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Демократско учество на учениците преку Ученичкиот парламент во донесувањето на одлуки за измени и ревидирањ е на Кодексот на однесување | Донесени одлуки на членовите на Ученичкиот парламент на нивните состаноци (цел: 18 средби, 100+ ученици, 20+ наставници 10+ родители) | Ученички парламент | Во првото полугодие од 2024-2028 год | Годишна програма за работа на Ученичкиот парламент Кодекс на однесување Куќен ред на училиште то | Директор, Стручна служба Одговорен наставник за координирање на Ученичкиот парламент | Записници од состаноци, извештаи, одлуки |
| Давање на предлози и сугестии за ревидира ње на Кодексот на однесува ње од страна на Советот на родители | Донесени предлози и сугестии на Советот на родители (цел: 80% опфатеност од родителите) | родители | Во првото полугодие од 2024-2028 год | Годишна програма за работа на Советот на родители Кодекс на однесува ње Куќен ред на училишт ето Статут на училишт ето | Директор, Стручна служба Претседател на Совет на родители | Записници од состаноци, извештаи |
| Ревидирање на Кодексот на однесување со донесување на заклучоци на ниво на стручните активи на наставниците | Донесени заклучоци на состаноците на стручните активи на наставницит е (цел: 4 стручни активи на учебната година 2+2 на полугодие) | Наставници , стручна служба | Во првото полугодие од 2024-2028 год | Годишна програма за работа на Стручните активи Кодекс на однесување Куќен ред на училиштето Статут на училиштето | Директор, Стручна служба Претседате ли на Стручните активи | Записници од состаноци, извештаи |

**Стратешка цел 4**

**Подобрување на училишната клима и односите во училиштето.**

| **Развојна цел 4.2**<br>**Креирање на политика на заемно почитување, соработка и вклученост на сите што учествуваат во училишниот живот** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементациј а** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/ извори на Информации за следење на интикаторите** |
| Обуки на , наставниот кадар за тимска соработка, менаџмент во училница | Реализирани обуки и дисеминации на добри практики за импементац ија во воспитнообр азовниот процес (цел: 8 обуки во период од 4 години опфатени 240 наставници ) | БРО, МОН Стручна служба | 2025-2028 год | Каталог на обуки и финансии | Директор Стручна служба | Записници од состаноци, извештаи од реализирани обуки |
| Работилници со родителите за позитивни меѓучовечки односи | Реализирани работилници Подобрени меѓучовечки односи (цел: 4 работилници опфатени 80 родители дел од совет на родители во период од 4 години) | Директор Стручна служба Наставници | 2025-2028 год | Прирачници , стручна литература | Директор Стручна служба | Записници од состаноци, извештаи од реализирани работилници |

## 7. Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето

Комисијата за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште ООУ „Невена Георгиева - Дуња“–Скопје за период од 2024 до 2029 година е составена од следните членови:

Наталија Делева – директор

Ирена Христовска - наставник ментор

Калина Спироска - педагог

Емилија Ајтовски- специјален едукатор и рехабилитатор

Билјана Велковска Зиковска – предметен наставник

Борјана Златевска – ученик

Мирко Трајковски -родител

Димитар Селев – претставник на локалната самоуправа

Претседател на училиштен одбор, Директор,

Катерина Величкова Наталија Делева

________________________ _______________________